Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за дигитална трансформација
Ministria e transformimit dixhital
Бр. - Nr 09-1883/1
10.10.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

**До:** ______________________________

**Архивски број:** 09 - 1883/1
**Датум:** 10.10.2025 год.
**Предмет:** УРГЕНЦИЈА/ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Упатството за употреба на е-документ изработено од страна на Министерството за дигитална трансформација на ВАШЕ ЗАПОЗНАВАЊЕ И НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ.

Дополнително Ве известуваме дека Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19, 3/25 и 135/25) утврдил прекршок за непочитување на одредбите од овој закон и тоа:

Со парична казна од 7.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе се казни јавен орган кој нема да ја признае важноста или ќе ја оспори доказната сила на електронскиот документ изготвен согласно со овој закон или дигитализиран документ создаден согласно со членот 10 од овој закон, само затоа што тоа е електронски документ; и

Со парична казна од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се казни функционерот кој раководи со јавниот орган, односно овластеното лице на правното лице кое врши јавни овластувања доколку ја оспорува доказната сила на електронските документи или документите издадени согласно со овој закон, само затоа што се издадени или употребени во електронски формат.

Со почит,

**Министер за дигитална трансформација**
**Стефан Андоновски**

______________________

Република Северна Македонија · Министерство за дигитална трансформација · Скопје · Republika e Maqedonisë së Veriut · Ministria e transformimit digjital · Shkup

Подготвил: Лидија Илиева
Контролирал: Љупка Ивановски
Согласен: Гордана Клинчарова


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk